РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1575/3
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1575/1 од 10.05.2024 година, против ------------ ------------------, директор на ----------------------------------" - Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1575/1 од 10.05.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 10.05.2024 година, поднесена е пријава за директор на средно училиште и оформен е предмет број 12-1575/1 од 10.05.2024 година. Во пријавата се наведува дека за пријавеното лице се здобило со парични средства при набавка на опрема што чинела 25.000 евра, а била платена со цена од 50.000 евра. Подносителот не можел да го одреди точниот интервал на купувањето на опремата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по слични наводи како од посочената пријава во предмет со број 12-1777/1 од 09.03.2022 година, по кој предмет на 92-та седницата на ДКСК, одржана на 11.09.2023 година, донесена е одлука постапката по горенаведениот предмет

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

да се запре и да се поднесе Иницијатива за постапување до надлежен орган согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси до Училишниот одбор на ---------------------------------------- – Скопје, за поведување постапка за утврдување на одговорност за директорот на средното училиште, поради тоа што дозволила влијание при спроведувањето на постапка за јавна набавка до лице ангажирано во училиштето, за да може правното лице во кое тој е сопственик и управител – -------------------------------------- да биде единствен понудувач, што е потврдено со мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата. Дополнително, во однос на конкретнава предметна материја, од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е оформен предмет ------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со идентична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, донесена е одлука од нејзина надлежност, и по истата постапува надлежното обвинителство.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител
Одобрил: м-р Ц.Р. член на ДКСК